Врз основа на член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и Одлуката за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда (Прва емисија на перпетуални обврзници) бр.0201/6-2 на 11.01.2019 година, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје ( во натамошниот текст: Банката), на седницата одржана на ден 31.05.2022 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува исплата на камата по каматна стапка од 9% на годишно ниво на имателите на перпетуални обврзници со ИСИН бр.MKBLBA200011, Прва емисија на перпетуални обврзници, сметано од датумот на последната исплата на полугодишна камата, односно од 22.01.2022 година, вклучително и 22.01.2022 година.

Износот на камата која се плаќа се пресметува врз основа на конвенција ACT/ACT (ICMA) (реален број на денови во периодот поделен со реалниот број на денови во годината).

Пресметаната камата да се исплати на трансакциска сметка на секој од имателите на обврзниците полугодишно и тоа на ден 22.07.2022 година и на ден 22.01.2023 година. Ако утврдениот ден за исплата на каматата е неработен ден, тогаш истата ќе се исплати на првиот работен ден што следува.

Каматата се исплаќа од добивката која е расположлива за распределба, при што плаќањето се врши и ако добивката не е ревидирана од овластен ревизор.

Каматата се пресметува во евра, а се исплаќа во денари по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата.

На денот на исплата на каматата, Банката од бруто износот на каматата ќе ги одземе и ќе ги плати сите даноци согласно постоечката законска регулатива во РСМ.

2. Да се известат имателите на обврзниците за денот и начинот на исплата на каматата согласно точка 1 од оваа Одлука.

3. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа Одлука доколку е потребно за успешно спроведување на истата.

4. Предлог Одлуката да се достави до Собрание на акционери на усвојување.

СО број:0201/5-7/2022
31.05.2022 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ